РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-77/1
05-01-2021 г./v.

Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на член 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, на продолжението на 45-тата седница одржано на 30.12.2020 година ја донесе следната

# ОДЛУКА

**СЕ ЗАПИРА** постапката поведена по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, на ден 24.01.2020 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, заведен под број на предмет 12-487/1 од 24.01.2020 година, во која се укажува на сомневање за незаконитости сторени при спроведување на интерен оглас од страна на Министерството за внатрешни работи од 24.10.2019 година.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-487/1 од 24.01.2020 година, затоа што наводите од пријавата не се потврдени.

Предметот со број 12-487/1 од 24.01.2020 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-487/1 од 24.01.2020 година е оформен врз основа на добиена пријава од непознат подносител.

Во пријавата се укажува на незаконитости сторени при спроведување на интерен оглас каде согласно објавениот оглас од страна на Министерството за внатрешни работи од 24.10.2019 година со евиденциски број 22.6-56 и пропозициите во истиот, назначениот командир -------------------------- со решение од 13.11.2019 година не ги исполнува условите бидејќи нема соодветно образование. Имено, согласно наводите од пријавата, во интерниот оглас е назначено кандидатот да има завршено образование од областа на безбедност, правен факултет или економски факултет, а истиот е со факултет за физичка култура.

Државната комисија за спречување на корупцијата оформи предмет по оваа пријава побара од Бирото за јавна безбедност при Министерството за внатрешни работи да достави целосна информација во однос на наводите од пријавата.

Од страна на Бирото за јавна безбедност е добиен одговор со кој ја известува Државната комисија дека Комисијата за распоредување и унапредување на полициски службеници за работни места од

категориите Б, В, Г, Д и Ѓ, на 08.11.2019 година одржала состанок по горенаведениот интерен оглас и констатирала дека е доставена само една навремена пријава од ------------------- кој во тој момент извршувал работни задачи на работно место Виш инспектор за општ криминалитет во НККР ---------------, Одделение за криминалистичка полиција, Сектор за внатрешни работи -----------. Комисијата утврдила дека работникот кој се пријавил на интерниот оглас поседува долгогодишно работно искуство во Министерството за внатрешни работи како полициски службеник. Именуваниот засновал работен однос на неопределено време како приправник со висока стручна подготовка со завшен VII-1 степен на стручна подготовка – Факултет со физичка култура во Управа за внатрешни работи ---------- на 01.09.1992 година. Истиот на 15.02.1993 година е упатен на курс за дополнително стручно оспособување за работници на јавна безбедност во МВР во траење од 4 (четири) месеци. По положувањето на стручниот испит за приправник на 01.07.1993 година е распореден на работно место инспектор за стручно, физичко оспособување во УВР ---------------. Во моментот кога именуваниот работник засновал работен однос па се до 2009 година во МВР услов за определено работно место бил степенот на завршено образование, а не и видот на образование. Работниците кои веќе го имаат стекнато правото на признаен степен на образование потребно е да движат во системот на кариера во министерството. Комисијата го земала предвид и фактот дека именуваниот во периодот од 2002 до 2007 година извршувал работни задачи на раководно работно место како Командир на полициска станица ----------------------. Истовремено, утврдено е дека за именуваниот работник во текот на долгогодишната кариера во МВР нема поведено ниту една дисциплинска постапка. Врз основа на личните и професионални квалитети и професионалното искуство на именуваниот работник, како и фактот дека нема други пријавени работници на огласеното работно место, Комисијата извршила избор тој да биде распореден на работно место Командир на Полициска станица за граничен надзор ----------------- во ----------------------------------------------- ----------, а со цел непречено и поефикасно функционирање на наведената организациска единица.

Врз основа на сите околности на предметниот пријавен случај, Државната комисија за спречување на корупцијата, оцени дека нема елементи за нејзино натамошно постапување согласно членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, бидејќи наводите од пријавата не се потврдени.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на членот 22 и 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 12/19), одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК
Изработил: м-р Б.КШ, Советник

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Софка Пејовска Дојчиновска**